РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор
и прекршочната постапка

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

# ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА ВО 2015 ГОДИНА

**Број 0102-169**
**Дата 04.03.2016 година**
**Скопје**

## СОДРЖИНА

**1.Општ дел**

**2.Организација и работа на Државната комисија**
2.1. Состав на Државната комисија
2.2. Внатрешната организација на стручната служба на Државната комисија
2.3. Структура на Државната комисија
2.4. Структура на стручната служба на Државната комисија заклучно со 31.12.2015 година
2.4.1. Административни службеници вработени на неопределено време
2.4.2 Администативни службеници времено распоредени во Државната комисија од други институции заради времено зголемен обем на работа

**3. Индикатори на работата на Државната комисија**
3.1. Општа статистика на предметите на Државната комисија
3.2.Структура на предметите на Државната комисија според начин на постапување и вид на одлука

**4. Статистика на предметите на Државната комисија оформени според област**

4.1.Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка од областа на трудот, социјалната политика, обрзованието и културата;

4.2.Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната;

4.3.Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството;

4.4.Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество;

4.5.Вкупен број на оформени предмети по кои постапила Државната комисија во инспекциската постапка во 2015 година;

4.6.Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството;

4.7.Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на економијата и финансиите;

4.8.Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање и земјоделството;

4.9.Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на внатрешните работи и други области.

4.10.Вкупен број на оформени предмети по кои постапила Државната комисија во прекршочната постапка во 2015 година.

## 5. Статистичка анализа на постапките на правна заштита

# ВОВЕД

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е основана со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (''Службен весник на Република Македонија'' број 130/2014), (во натамошен текст: Закон) кој влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот весник на Република Македонија односно од ден 11.09.2014 година, а започна да се применува од ден 01.02.2015 година.

Претседателот и членовите на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка беа избрани од страна на Собранието на Република Македонија со Одлука за избор на претседател и членови на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.08-835/1 од 16.02.2015 година, а објавена во „Службен весник на Република Македонија'' број 23/2015.

Со наведената Одлука за Претседател на Државната комисија е избран Александар Софронијоски, а за членови на Државната комисија се избрани: Симона Лескароска, Тања Дедејска, Зорица Стоилева, Нeждет Винца и Хајрула Мисини.

Со Одлука за избор на Заменик претседател на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0401-45 од 19.05.2015 година избрана е Симона Лескароска.

Согласно член 6 од Законот, Државната комисија за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Годишниот извештај особено содржи:

-број на примени предмети,
-број на решени предмети (отфрлени, одбиени и прифатени жалби),
-број на нерешени предмети,
-број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети) и
-статистичка анализа на постапките на правна заштита.

# 1.ОПШТ ДЕЛ

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е надлежна за решавање по жалби против решенијата донесени во прв степен во инспекциската постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочната постапка.

Во постапката за решавање по жалби, Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците, доколку со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка или друг закон поинаку не е уредено.

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка го применува Законот на прекрошоците („Сл. весник на РМ“, бр.124/15), кој влезе во сила на ден 31.07.2015 година, а започна да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка односно од ден 01.02.2015 година.

Државната комисија е државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Државната комисија има стручна служба и на вработените во стручната служба ќе се применуваат одредбите од Законот за административни службеници.

Државната комисија е составена од претседател и шест члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Претседателот и членовите на Државната комисија ги избира по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Македонија по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија. Претседателот и членовите на Државната комисија се именуваат за период од пет години со право на повторен избор.

По жалбените предмети, Државната комисија одлучува на седница со мнозинство од вкупниот број членови и истата може да работи само доколку на седницата се присутни најмалку пет члена. На седниците на Државната комисија задолжително присуствува претседателот и/ или неговиот заменик. Член на државната комисија не може да биде воздржан при гласање и седниците на Државната комисија не се јавни.

Начинот на работа и постапката за одлучување пред Државната комисија е уреден со Деловник за начинот на работата и одлучување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0201-44 од 19.05.2015 година.

# 2. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

## 2.1. Состав на Државната комисија

- Државната комисија е составена од Претседател и шест члена на Државната комисија.

Заменик претседателот на Државната комисија е избран од редот на членовите на Комисијата.

Согласно член 2 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, Државната комисија има стручна служба и на вработените во стручната служба се применуваат одредбите од законот со кој се регулираат правата и обврските на административните службеници.

## 2.2. Внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија

Внатрешната организација на Државната комисија е уредена со Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија бр.0101-76 од 31.07.2015 година.

Со Правилникот се утврдува внатрешната организација на Државната комисија, видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, начините и форми на раководење со делокруг на работа, раководењето и графичкиот приказ на внатрешната организација на Државната комисија (органограм).

Внатрешната организација на стручната служба е уредена согласно надлежностите на Државната комисија во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и посебните закони со кои се определува надлежност за одлучување на Државната Комисија.

Внатрешната организација на стручната служба се заснова на начелата на:

-Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите и задачите;

-Насоченост кон корисниците на услугите;

-Еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици;

-Делегирање на овластувањата и

-Меѓуресорска и меѓусекторска координација.

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе

меѓусебно поврзани функции, организирање, следење и координирање на работите, како и заради извршување на информатичко-технолошки работи, работи во врска со управување со човечки ресурси, нормативно-правни, информативно-комуникациски, информативно-документарни,стручно-аналитички, надзорни, материјално финансиски, инвестициски, стручно-административни и други работи во Државната комисија се основаат следните организациски единици:

- **Сектор за инспекциски надзор;**
- **Сектор за прекршоци;**
- **Сектор за стручно-административни прашања;**
- **Посебна организациона единица-Одделение за финансиски прашања и**
- **Посебна организацона единица-Одделение за човечки ресурси**

## 2.3. Структура на Државната комисија

Структурата на Државната комисија заклучно со 31.12.2015 година:

| | |
|---|---|
| - Претседател на Државната комисија | 1 |
| - Заменик Претседател на Државната комисија | 1 |
| - Член на Државната комисија | 4 |
| Вкупно | 6 |

## 2.4. Структура на стручната служба на Државната комисија заклучно со 31.12.2015 година:

Со Правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на Државната комисија бр.0101-76 од 31.07.2015 година се утврдува вкупниот број на административни службеници односно 77 извршители, ситематизирани во 74 работни места, нивниот распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места, а распоредени се на следниот начин и тоа:

| Ниво на работни места | Звање | Систематизирани работни места |
|---|---|---|
| А02 | Генарален секретар | 1 |
| Б01 | Државен советник | 2 |
| Б02 | Раководител на сектор | 3 |
| Б03 | Помошник раководител на сектор | 3 |
| Б04 | Раководител на одделение | 13 |
| В01 | Советник | 17 |
| В02 | Виш соработник | 9 |
| В03 | Соработник | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| В04 | Помлад соработник | 11 |
| Г01 | Самостоен референт | 1 |
| Г02 | Виш референт | 1 |
| Г03 | Референт | 1 |
| Г04 | Помлад референт | 3 |

### 2.4.1. Административни службеници вработени на неопределено време:

| | |
|---|---|
| - Државен советник | 1 |
| - Раководител на одделение | 2 |
| - Советник | 2 |
| - Помлад соработник | 3 |
| **Вкупно** | **8** |

### 2.4.2. Административни службеници времено распоредени во Државната комисија од други институции заради времено зголемен обем на работа[1]:

| | |
|---|---|
| -Помошник раководител на сектор | 1 |
| - Советник | 2 |
| -Виш соработник | 1 |
| - Помлад соработник | 4 |
| -Самостоен референт | 1 |
| -Референт | 1 |
| -Помлад референт | 3 |
| **Вкупно** | **13** |

[1]Од причина што во утврдениот буџет на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2015 година немаше средства за плати на административни службеници истите согласно 43 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014 и 199/2014) беа времено распоредени во Државната комисија од други институции заради времено зголемен обем на работа.

# 3.ИНДИКАТОРИ НА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

## 3.1. Општа статистика на предметите во Државната комисија

Во текот на 2015 година, до Државната комисија се примени и оформени вкупно 1.104 предмети, кои во понатамошниот текст детално се образложени според структура, начинот на постапување и областа.

Од вкупниот број на предмети кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по вкупно 984 предмети.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, во постапка на одлучување се вкупно 120 предмети.

| 2015 година | |
|---|---|
| Вкупно примени предмети во 2015 година | **1.104** |
| Вкупен број на предмети по кои постапила Државната комисија | **984** |
| Вкупен број на предмети по кои не постапила Државната комисија | **120** |




*Табеларниот и графичкиот преглед се однесуваат на вкупната работа на Државната комисија во 2015 година.

## 3.2. Структура на предметните во Државната комисија според начинот на постапување и вид на одлука

Како што е погоре наведено Државната комисија во текот на 2015 година постапила по вкупно 984 предмети кои се примени во истата година.

Со цел подобро запознавање со работата на Државната комисија, во понатамошниот текст подетално е објаснета структурата и видот на предметите, како и начинот на постапување по истите од страна на Државната комисија.

Предметите кои се примени и оформени пред Државната комисија генерално се категоризираат на следниот начин:

-Предмети оформени по жалби изјавени против решенија на првостепените органи,
-Предмети оформени по пресуди на Управниот суд

Државната комисија во 2015 година постапила по вкупно 984 предмети и тоа на начин и постапка според структурата и видот на предметите пристигнати и оформени пред Државната комисија. Во таа смисла Државната комисија по горенаведените предмети постапила на следниот начин:

**По предметите оформени по жалби изјавени против решенија на првостепените органи,** Државната комисија постапила на начин што:

***Ја уважила жалбата на жалителот, го поништила првостепеното решение и предметот го вратила на повторно разгледување и одлучување, (понатаму:уважени жалби).**

-Од вкупниот број на решени предмети во 2015 година Државната комисија уважила вкупно 135 жалби.

***Ја одбила жалбата како неоснована, (понатаму:одбиени жалби).**

-Од вкупниот број на решени предмети во 2015 година Државната комисија одбила вкупно 332 жалби.

***Ја отфрлила жалбата како ненавремена, недопуштена или изјавена од неовластено лице, (понатаму:отфрлени жалби).**

-Од вкупниот број на решени предмети во 2015 година Државната комисија отфрлила вкупно 67 жалби.

***Ја запрела постапката по изјавената жалба со Заклучок за запирање, поради повлекување на жалбата од страна на жалителот, (понатаму:запрени постапки).**

-Од вкупниот број на решени предмети во 2015 година Државната комисија ја запрела постапката по вкупно 3 жалби.

***Административно побарала докази или доуредување на предметот.** Во овој случај, по оформување на предметот Државната комисија извршила увид во списите на предметот и констатирала дека постојат недостатоци поради кои не може да постапува. Понатаму Државната комисија изготвила допис со кој укажува на утврдените недостатоци и предметот го враќа на првостепениот орган истите да ги отстрани, односно да ги достави бараните докази и списи, со цел да се докомплетира предметот како би можела Државната комисија по истиот да постапува, **(понатаму: административно барање).**

-Од вкупниот број на предмети по кои постапила во 2015 година Државната комисија административно побарала докази или доуредување по вкупно 190 предмет.

***Ги пратила на понатамошно постапување на надлежен орган**. Во овој случај по оформување на предметот Државната комисија извршила увид во списите на предметот и констатирала дека согласно законските одредби не е надлежна да постапува, односно дека друг орган е надлежен да постапува по изјавената жалба и истата ја праќа на понатамошно постапување на надлежниот орган.

-Од вкупниот број на предмети по кои постапила во 2015 година Државната комисија пратила на понатамошно постапување на надлежен орган вкупно 197 предмети.

***По предмети по поднесени тужби против второстепените решенија на Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка по кои истата дала одговор на тужби.** Во овој случај по доставувањето на тужбата односно заведениот управен спор против решението на Државната комисија, Државната комисија со допис ги побарува сите

списите по кои се водела постапката од првостепениот орган. По добивањето на списите од страна на првостепениот орган, Државната комисија врши комплетирање на предметот и дава одговор на тужба која одговор се доставува до Управниот суд на Република Македонија

-Вкупниот број на предмети по кои Државната комисија дала одговор на тужба поднесена против второстепеното решение е 16 предмети.

*****По предмети оформени по уважени тужби од Управниот суд со кои е поништено решението на другите второстепени комисии формирани во Органите на државната управа и во Општините во Република Македонија кои одлучувале во втор степен се до ден 06.04.2014 година односно од наведениот период одлучувала Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се до 01.02.2015 година период од кој отпочна применувањето на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.**

-Вкупниот број на предмети по кои Државната комисија постапила по уважени тужби од Управниот суд со кои е поништено решението на другите второстепени комисии формирани во Органите на државната управа и во Општините во Република Македонија во 2015 година се 12 предмети.

***По предмети оформени по одбиени тужби на Управниот суд со кое второстепеното решение на другите второстепени комисии формирани во Органите на државната управа и во Општините во Република Македонија се потврдува од Управниот суд.** Во овој случај по добивањето на одбиената пресуда Државната комисија врши увид во истата односно со допис ја доставува до Органите на државната управа и во Општините во Република Македонија кои решевале во втор степен.

-Вкупен број на предмети со кои Државната комисија ги доставила одбиените тужби на Управниот суд до Органите на државната управа и во Општините во Република Македонија кои решевале во втор степен во 2015 година се 4 предмети.

*****Административно побарала докази или доуредување на пресуда.** Во овој случај, Државната комисија извршува увид во пресудата и констатира дали истата се однесува на второстепено решение на Државната комисија или на второстепено решение на Органите на државната управа и во Општините во Република Македонија и доколку пресудата се однесува на второстепено решение на Органите на државната управа и во Општините во Република Македонија формира предмет. По извршениот увид во пресудата ако Државната комисија константитала недостатоци изготвува допис со кој укажува на утврдените недостатоци и предметот го враќа на првостепениот орган истите да ги отстрани, односно да ги достави бараните докази и списи, со цел да се докомплетира предметот како би можела Државната комисија по истиот да постапува. Исто така во **(понатаму: административно барање).**

-Од вкупниот број на предмети по кои постапила во 2015 година Државната комисија административно побарала докази или доуредување по пресуди 43 предмети.

*** Предмети оформени по жалби на пресуди на Управниот суд до Вишиот управен суд со кои се одбиени тужбите против второстепените решенија на другите второстепени комисии формирани во Органите на државната управа и во Општините во Република Македонија.** Во овој случај, Државната комисија ја разгледува жалбата против пресудата на Вишиот Управен суд и дава одговор на истата со допис кој допис преку Управниот суд се доставува до Вишиот Управен суд.

-Вкупен број на предмети во кои Државната комисија постапила по жалба на пресуда на Управниот суд до Вишиот управен суд е 1 предмет.

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Вкупен број на предмети по кои постапила Државната комисија во 2015 година во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка** | |
| Уважени жалби | 135 |
| Одбиени жалби | 332 |
| Отфрлени жалби | 67 |
| Запрени постапки со заклучок за повлекување на жалбата | 3 |
| Административно доуредување по предмет по жалба | 190 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 197 |
| Административно доуредување по пресуда | 43 |
| Предмети по уважени тужби на Управниот суд | 14 |
| Предмети по одбиени тужби на Управниот суд | 2 |
| Предмет по одговор на жалба по пресуда на Управниот суд до Вишиот управен суд | 1 |
| **Вкупно** | **984** |

Во следниот графички приказ ќе бидат преставени вкупниот број на предмети по кои постапила Државната комисија во 2015 година во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка




*Вкупен број на предмети по кои постапила Државната комисија во 2015 година во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

# 4. СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИТЕ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ОФОРМЕНИ СПОРЕД ОБЛАСТ

## 4.1. Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка во областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата.

Во 2015 година се примени и оформени вкупно 96 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата и истите се заведени пред Државната комисија со архивски знак 0804.

Од вкупниот број на предмети кои се примени и оформени во оваа област во 2015 година, Државната комисија постапила по вкупно 87 предмети.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата, Државната комисија не постапила, односно во постапка на одлучување се вкупно 9 предмети.

Државната комисија во текот на 2015 година постапила по вкупно 87 предмети оформени по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата и тоа на следниот начин:

- 10 предмети каде жалбата ја уважила
- 31 предмети каде жалбата ја одбила
- 1 предмет каде жалбата се отфрла
- 2 предмети каде постапката е запрена со заклучок
- 36 предмети каде е побарано административно доуредување или докази по предмет по жалба
- 3 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 2 предмети каде е побарано административно доуредување или докази по пресуда
- 2 предмети по одбиена тужби на Управниот суд

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната политика, образованието образованието и културата, по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 10 |
| Одбиени жалби | 31 |
| Отфрлени жалби | 1 |
| Запрени постапки со заклучок за повлекување на жалбата | 2 |
| Административно доуредување по предмет по жалба | 36 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 3 |
| Административно доуредување по пресуда | 2 |
| Предмети по одбиени тужби на Управниот суд | 2 |
| **Вкупно** | **87** |




*Вкупно предмети во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната политика,образованието и културата, по кои постапила Државната комисија во 2015 година

**4.2. Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната.**

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно 538 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната кои од Државната комисија се заведени со архивски знак 0805.

Од вкупниот број на предмети кои се примени и оформени во оваа област во 2015 година, Државната комисија постапила по вкупно 482 предмети.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, во инспекциската постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната, Државната комисија не постапила, односно во постапка на одлучување се вкупно 56 предмети.

Државната комисија во текот на 2015 година постапила по вкупно 482 предмети во инспекциската постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната и тоа на следниот начин:

- 116 предмети каде жалбата ја уважила
- 187 предмети каде жалбата ја одбила
- 22 предмети каде жалбата се отфрла
- 100 предмети каде административно е побарано доуредување или докази по предмет по жалба
- 5 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 37 предмети каде е побарано административно доуредување или

докази по пресуда
- 12 предмети по уважени тужби на Управниот суд
- 2 предмети по одбиени тужби на Управниот суд
- 1 предмет по одговор на жалба по пресуда на Управниот суд до Вишиот управен суд

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети во инсекциската постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 116 |
| Одбиени жалби | 187 |
| Отфрлени жалби | 22 |
| Административно доуредување по предмет по жалба | 100 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 5 |
| Административно доуредување по пресуди | 37 |
| Предмети по уважени тужби на Управниот суд | 12 |
| Предмети по одбиени жалби на Управниот суд | 2 |
| Предмет по одговор на жалба по пресуда на Управниот суд до Вишиот управен суд | 1 |
| **Вкупно** | **482** |




*Вкупно предмети во инспекциска постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната по кои постапила Државната комисија во 2015 година

### 4.3. Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка во областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството.

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно 20 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството кои од Државната комисија се заведени со архивски знак 0806.

Од вкупниот број на предмети кои се примени и оформени во оваа област во 2015 година, Државната комисија постапила по вкупно 19 предмети.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година во инспекциска постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството, Државната комисија не постапила, односно во постапка на одлучување е 1 предмет.

Државната комисија во текот на 2015 година постапила по вкупно 19 предмети во инспекциска постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството и тоа на следниот начин:

- 3 предмети каде жалбата ја уважила
- 3 предмети каде жалбата ја одбила
- 2 предмети каде жалбата се отфрла
- 1 предмети каде постапката е запрена со заклучок
- 9 предмети каде административно е побарано доуредување или докази по предмет по жалба
- 1 предмет каде е побарано административно доуредување или докази по пресуда

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети во инспекциска постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 3 |
| Одбиени жалби | 3 |
| Отфрлени жалби | 2 |
| Административно доуредување по предмет по жалба | 9 |
| Запрени постапки со заклучок за повлекување на жалба | 1 |
| Административно доуредување по пресуда | 1 |
| **Вкупно** | **19** |
| | |




*Вкупно предмети во инспекциска постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството, по кои постапила Државната комисија во 2015 година

## 4.4. Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка во областа на економијата, финансиите и информатичкото општество.

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно 35 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на

економијата, финансиите и информатичкото општество кои од Државната комисија се заведени со архивски знак 0807.

Од вкупниот број на предмети кои се примени и оформени во оваа област во 2015 година, Државната комисија постапила по вкупно 31 предмет.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, во инспекциска постапка од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество, Државната комисија не постапила, односно во постапка на одлучување се вкупно 4 предмети.

Државната комисија во текот на 2015 година постапила по вкупно 31 предмети во инспекциска постапа од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество и тоа на следниот начин:

- 21 предмет каде жалбата ја одбила
- 1 предмет каде жалбата се отфрла
- 5 предмети каде административно е побарано доуредување или докази
- 1 предмет кој е пратен на понатамошно постапување на надлежен орган
- 3 предмети каде е побарано административно доуредување или докази по пресуда

| 2015 година | |
|---|---|
| **Предмети во инспекциска постапка од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Одбиени жалби | 21 |
| Отфрлени жалби | 1 |
| Административно доуредување по предмет по жала | 5 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 1 |
| Административно уредување по пресуда | 3 |
| **Вкупно** | **31** |




*Вкупно предмети во инспекциска постапка од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество, по кои постапила Државната комисија во 2015 годин

**4.5. Вкупен број на оформени предмети пред Државната комисија во 2015 година по кои постапила во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната**

**политика, образованието и културата, од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната, од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството и од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество.**

Во 2015 година пред Државната комисија се пристигнати и оформени вкупно 689 предмети во инспекциските постапки од сите погоре наведените области.

Од вкупниот број на примени и оформени предмети во 2015 година, Државната комисија постапила по вкупно 619 предмети.

Од вкупниот број на предмети во инспекциските постапки кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија не постапила, односно во постапка на одлучување се 70 предмети.

Државната комисија во текот на 2015 година постапила по вкупно 619 предмети во инспкциска постапка и тоа на следниот начин:

- 129 предмети каде жалбата ја уважила
- 242 предмети каде жалбата ја одбила
- 26 предмети каде жалбата се отфрла
- 3 предмети каде постапката е запрена
- 150 предмети каде административно е побарано доуредување или докази по предмет по жалба
- 9 предмети кои се препратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 43 предмети по кои е побарано административно доуредување или докази по пресуда
- 12 предмети по уважени тужби на Управниот суд
- 4 предмети по одбиени тужби на Управниот суд
- 1 предмет по одговор на жалба по пресуда на Управниот суд до Вишиот управен суд

| **2015 година** | |
|---|---|
| Вкупен број на предмети примени и оформени во инспекцискиот надзор по кои постапила Државната комисија во 2015 година | |
| Уважени жалби | 129 |
| Одбиени жалби | 242 |
| Отфрлени жалби | 26 |
| Запрени постапки со заклучок за повлекување на жалба | 3 |
| Административно доуредување по предмет по жалба | 150 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 9 |
| Административно доуредување по пресуди | 43 |
| Предмети по уважени тужби на Управен суд | 12 |
| Предмети по одбиени тужби на Управен суд | 4 |
| Предмети по одговор на жалба по пресуда на Управниот суд до Вишиот управен суд | 1 |
| **Вкупно** | **619** |




*Вкупен број на предмети примени и оформени во инспекциската постапка по кои постапила Државната комисија во 2015 година

Во следниот графички приказ ќе бидат преставени вкупниот број на предмети од инспекциската постапка по секоја поодделна област, по кои постапила Државната комисија во 2015 година.



**4.6. Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството.**

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно 180 предмети во прекршочната постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството и заведени, пред Државната комисија со архивски знак 0904.

Од предметите во прекршочната постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 166 предмети.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија не постапила, односно во постапка на одлучување се 14 предмети.

Државната комисија во текот на 2015 година постапила по 166 предмети во прекршочната постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството и тоа на следниот начин:

-9 предмети каде што жалбата се одбива
-1 предмет каде што жалбата се отфрла
-145 предмети пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
-11 предмети по кои административно се побарани докази или доуредување.

| 2015 година | |
|---|---|
| Предмети во прекршочната постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството по кои постапила Државната комисија во 2015 година | |
| Одбиени жалби | 9 |
| Отфлени жалби | 1 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 145 |
| Административно доуредување по предмет по жалба | 11 |
| **Вкупно** | **166** |



*Вкупно предмети во прекршочната постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството по кои постапила Државната комисија во 2015 година

**4.7. Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на економијата и финансиите.**

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно 21 предмет во прекршочната постапка од областа на економијата и финансиите и заведени пред Државната комисија со архивски знак 0905.

Од предметите во прекршочната постапка од областа на економијата и финансиите кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 15 предмети.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија не постапила, односно во постапка на одлучување се вкупно 6 предмети.

Државната комисија во текот на 2015 година постапила по 15 предмети во прекршочната постапка од областа на економијата и финансиите и тоа на следниот начин:

-2 предмети каде што жалбата се уважува
-8 предмети каде што жалбата се отфрла
-4 предмети пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
-1 предмети по кои административно се побарани докази или доуредување.

| 2015 година | |
|---|---|
| Предмети во прекршочната постапка од областа на економијата и финансиите по кои постапила Државната комисија во 2015 година | |
| Уважени жалби | 2 |
| Отфлени жалби | 8 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 4 |
| Административно доуредување по предмет по жалба | 1 |
| **Вкупно** | **15** |




*Вкупно предмети во прекршочната постапка од областа на економијата и финансиите по кои постапила Државната комисија во 2015 година

**4.8. Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството.**

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно 24 предмети во прекршочната постапка од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството и заведени пред Државната комисија со архивски знак 0906.

Од предметите во прекршочната постапка од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 21 предмет.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија не постапила, односно во постапка на одлучување се вкупно 3 предмети.

Државната комисија во текот на 2015 година постапила по 21 предмети во прекршочната постапка од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството и тоа на следниот начин:

-4 предмети каде што жалбата се отфрла
-17 предмети пратени на понатамошно постапување на надлежен орган

| 2015 година | |
|---|---|
| Предмети во прекршочната постапка од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството по кои постапила Државната комисија во 2015 година | |
| Отфлени жалби | 4 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 17 |
| **Вкупно** | **21** |




*Вкупно предмети во прекршочната постапка од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството по кои постапила Државната комисија во 2015 година

**4.9. Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на внатрешните работи и други области.**

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно 190 предмети во прекршочната постапка од областа на внатрешните работи и други области и заведени пред Државната комисија со архивски знак 0907.

Од предметите во прекршочната постапка од областа на внатрешните работи и други области кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 163 предмети.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија не постапила, односно во постапка на одлучување се вкупно 27 предмети.

Државната комисија во текот на 2015 година постапила по 163 предмети во прекршочната постапка од областа на внатрешните работи и други области и тоа на следниот начин:

-4 предмети каде што жалбата се уважува
-81 предмети каде што жалбата се одбива
-28 предмети каде што жалбата се отфрла
-22 предмети пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
-28 предмети по кои административно се побарани докази или доуредување.

| 2015 година | |
|---|---|
| Предмети во прекршочната постапка од областа на економијата и финансиите по кои постапила Државната комисија во 2015 година | |
| Уважени жалби | 4 |
| Одбиени жалби | 81 |
| Отфлени жалби | 28 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 22 |
| Административно доуредување по предмет по жалба | 28 |
| **Вкупно** | **163** |




*Вкупно предмети во прекршочната постапка од областа на економијата и финансиите по кои постапила Државната комисија во 2015 година

**4.10 Вкупен број на оформени предмети пред Државната комисија во 2015 година по кои постапила во прекршочната постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството, од областа на економијата и финансиите, од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството и од областа на внатрешните работи и други области.**

Во 2015 година пред Државната комисија се пристигнати и оформени вкупно 415 предмети во прекршочните постапки од сите погоре наведени области.

Од вкупниот број на примени и оформени предмети во 2015 година, Државната комисија постапила по вкупно 365 предмети.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, Државната

комисија не постапила, односно во постапка на одлучување се вкупно 50 предмети.

Државната комисија во текот на 2015 година постапила по вкупно 415 предмети и тоа на следниот начин:

- 6 предмети каде жалбата ја уважила
- 90 предмети каде жалбата ја одбила
- 41 предмети каде жалбата се отфрла
- 40 предмети каде административно е побарано доуредување или докази
- 188 предмети кои се препратени на понатамошно постапување на надлежен орган

| **2015 година** | |
|---|---|
| Вкупен број на предмети примени и оформени во прекршочната постапка по кои постапила Државната комисија во 2015 година | |
| Уважени жалби | 6 |
| Одбиени жалби | 90 |
| Отфрлени жалби | 41 |
| Административно доуредување по предмет по жалба | 40 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 188 |
| **Вкупно** | **365** |




*Вкупен број на предмети примени и оформени во прекршочната постапка по кои постапила Државната комисија во 2015 година

Во следниот графички приказ ќе бидат преставени вкупниот број на предмети од прекршочна постапка по секоја поодделна област, по кои постапила Државната комисија во 2015 година.


Предмети по жалба против одлуките за прекршок во прекршочната постапка од областа на внатрешните работи и други области
45%
Предмети по жалби против одлуките за прекршок во прекршочна постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството
45%
Предмети по жалби против одлуките за прекршок во прекршочна постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање и земјоделството
6%
Предмети по жалби против одлуките за прекршок во прекршочна постапка од областа на економијата и финансиите
4%

# 5. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА ПОСТАПКИТЕ НА ПРАВНА ЗАШТИТА

Во општиот дел од овој Извештај, опишана е надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочната постапка.

Решението донесено од страна на Државната комисија е конечно во управната постапка и против истото не е дозволена жалба. Против решението може да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување, согласно член 11 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, со кој е обезбедена и судска заштита против решенијата на Државната комисија, пред управниот односно надлежниот суд.

Во таа смисла по однос на решенијата на Државната комисија, во овој дел истакнуваме дека Државната комисија заклучно со 31.12.2015 година, евидентирала вкупно 76 управни спорови.

Од вкупниот број на заведени управни спорови, Државната комисија постапила по 11 уважени тужби на Управниот суд, по 4 одбиени тужби на Управниот суд, дала одговор на жалба по пресуда на Управниот суд по 1 предмет, за 43 предмети по пресуди побарано е административно доуредување или докази по истите.

Исто така Државната комисија дала одговор на тужби по 16 предмети поднесени против решенија на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Со овој Извештај е опфатена работата на Државната комисија, начинот на постапување и одлучување, составот и кадровската структура како и вкупниот број на предмети во 2015 година, односно статистичка анализа на сите предмети по кои постапила Државната комисија во оваа година.

Поради очекуваното драстично зголемување на бројот на предмети во 2016 година, Државната комисија покрај постоечкиот капацитет на човечки ресурси опишан погоре во текстот на извештајот, ќе има потреба за дополнително зајакнување на постоечките капацитети како со човечки ресурси така и со машини и опрема.

Ова е потребно се со цел Државната комисија да продолжи и следната година, ефикасно и ефективно да одлучува по пристигнатите и оформени предмети во законски определениот рок.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
Александар Софронијоски